РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК — ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KSHPK — KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-1106/2
04-06-2025

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 19 - тата седница одржана на 02.06.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со бр.09-362/1 од 24.01.2024 година, оформен против лицето -----, член на Управниот одбор на -------- , В.Д. директор на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски -------- и управител на Друштвото за производство, трговија и услуги ---------, СЕ ЗАПИРА.

По констатирана повреда на одредби од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, спроведена прекршочна постапка и поради промена на фактичката состојба, ДКСК нема елементи за натамошно надлежно постапување.

Оваа одлука во деперсонализирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 09-362/1 од 24.01.2024 година е оформен по сопствена иницијатива, со наводи дека лицето ------- покрај тоа што ја извршува функцијата член на Управниот одбор на --------- во исто време ја врши функцијата ---------, по што вака констатирана состојба е спротивна на член 44 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Исто така лицето како сопственик управува со Друштвото за производство, трговија и услуги ----------.

Лицето ------- има поднесено до Државната комисија Образец изјава за интереси, заведена под бр. 09-9233/1 од 08.11.2022 година после именување на функцијата ВД директор на ----------, од страна на Советот на општина -----. Во самиот обазец лицето пријавило дека со акт бр.08-3879/1 од 05.10.2022 година е именувано за вршење на наведената функција и во делот други јавни овластувања и должности пријавило дека ја извршува функцијата член на Управниот одбор на -------- од 11.09.2017 година.
Исто така, видно од Историјатот на промени од Централниот регистар на Република Северна Македонија на Јавното претпријатие за дистрибуција -------- се утврдува дека на ден 06.10.2022 година е извршена промена на ВД директор на истото претпријатие, односно овластеното лице -------- е заменето со овластеното лице -------.
Од обезбедената документација, се утврди дека од страна на Владата на РСМ на седница одржана на 30.07.2021 година е донесено Решение за разрешување и именување на членови на Управниот одбор – преставници на основачот на ------------ под бр. 14-8642/1 од 30.07.2021 година, со кое за член е именувано лицето -------.
Лицето -------- има поднесено барање за разрешување од член на Управниот одбор на ----------- од Владата на РСМ, со примен печат од 12.02.2024 година, по што од страна на Владата на РСМ е донесено Решение за разрешување од должноста член на ------- со бр.14-2298/2 од 27.02.2024 година објавено во „Службен весник на РСМ„ бр.55 од 06.03.2024 година.
Согласно наведеното, ДКСК констатира дека од страна на лицето ------ е сторен прекршок, по што согласно Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.96/2019) состави Записник за констатиран прекршок и беше понудена постапка за порамнување со издавање на Прекршочен платен налог. Во врска со понудената постапка за порамнување, именуваниот во законски определениот рок до ДКСК не достави уплатница за платена глоба по издаден прекршочен платен налог и затоа ДКСК до Прекршочната комисија при Државната комисија за спречување на корупција поднесе Барање за поведување прекршочна постапка бр. 09-362/12 од 12.07.2024 година.
Прекршочната комисија при Државната комисија за спречување на корупција достави Решение бр. 09-362/19 од 28.01.2025 година до ДКСК со кое ја извести дека на лицето -------му е изречена Прекршочна санкција – ОПОМЕНА.

Помнатаму, -------- како именувано лице за вршење на функцијата В.Д. директор на ---------- го прекршил и член 44 став 5 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.
Имено, на ден 06.12.2022 година, со место на сторување во -------, лицето ------- постапил спротивно на член 44 став 5 од Законот за спречување на корупцијата и

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

судирот на интереси, што е предвидено како прекршок казнив по член 105 став 1 алинеја 1 од истиот закон, односно истиот станал основач/сопственик и управител на Друштвото за производство, трговија и услуги --------.

Видно од тековната состојба издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија, --------- е сопственик и управител од 06.12.2022 година на Друштвото за производство, трговија и услуги -----.
Исто така, видно од Историјатот на промени на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски дејности --------, издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија се утврдува дека лицето -------- е овластено лице, В.Д. директор од 05.10.2022 година.
Согласно наведеното, ДКСК констатира дека од страна на лицето -------- е сторен прекршок, односно истото лице спротивно од член 44 став 5 од ЗСКСИ како именувано лице продолжило да управува со правно лице со кое се остварува профит, по што согласно Законот за прекршоците ДКСК состави Записник за констатиран прекршок и беше понудена постапка за порамнување со издавање на Прекршочен платен налог.
Во врска со понудената постапка за порамнување, именуваниот во законски определениот рок до ДКСК не достави уплатница за платена глоба по издаден прекршочен платен налог и затоа ДКСК до Прекршочната комисија при Државната комисија за спречување на корупција поднесе Барање за поведување прекршочна постапка бр.06-362/18 од 02.12.2024 година.
Прекршочната комисија при Државната комисија за спречување на корупција достави Решение со бр.09-1106/1 од 19.03.2025 година до ДКСК со кое ја известува дека на лицето ----- му е изречена Прекршочна санкција – ГЛОБА во износ од 300 евра (тристотини евра) во денарска противредност од 18.458,00 денари.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

По проверка во Административната алатка на ДКСК се утврди дека лицето ------- не ја извршува повеќе функцијата В.Д. директор на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас и енергетски ------ од 24.01.2025 година, по што има поднесено до ДКСК Изјава за имотна состојба и интереси по престанок на функција со бр. А.0801-562 од 11.02.2025 година.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**

**М-р Билјана Каракашова Шулев**

По заклучок од седница на ДКСК
Изготвил: М.М. - соработник
Контролирал: К.З – раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц. – член на ДКСК